Архивски број: 08-443/3

14-08-2023 година

Постапувајќи по претставка со бр. 08-443/1 од 26.07.2023 година, поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Скопје, за дискриминација по основ на национална и етничка припадност извршена од [redacted], кон подносителот на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 14.08.2023 година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08-443/1 од 26.07.2023 година, поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Скопје врз основа на национална или етничка припадност извршена од [redacted] **поради тоа што подносителот на претставката е анонимно лице.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) преку електронска пошта која системот автоматски ја регистрира, беше доставена претставка од анонимно лице со иницијали [redacted] од Скопје за дискриминација по основ на национална и етничка припадност, извршена од страна на лицето [redacted] кон подносителот на претставката.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.“* Од овие причина, согласно член 24 став (2) од Законот, Комисијата на 31.07.2023 година со допис бр. 08-443/2 го задолжи подносителот на претставката да ја доуреди истата во законскиот рок од 8 (осум) дена.

Во смисла на наведеното, подносителот не го достави бараното доуредување на претставката во законски утврдениот рок.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената претставка е неуредна и не ги содржи сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, а кои се предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Од овие причини, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
14.08.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД